# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**
Излегува по потреба

**Број 12 година XLVII**

**07 октомври 2011**


**142.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за учество на Општина Велес во проектот „Прекугранична соработка преку култура и историја“ со збратимениот град Слобозија, Република Романија во рамките на Програмата на ЕУ „Култура 2007-2013“**

Се објавува Одлуката за учество на Општина Велес во проектот „Прекугранична соработка преку култура и историја“ со збратимениот град Слобозија, Република Романија во рамките на Програмата на ЕУ „Култура 2007-2013“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/1
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на 29. 09.2011 година донесе,

**ОДЛУКА**
**за учество на Општина Велес во проектот „Прекугранична соработка преку култура и историја“ со збратимениот град Слобозија,Република Романија во рамките на Програмата на ЕУ „Култура 2007-2013“**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес прифаќа да учествува во проектот „Прекугранична соработка преку култура и историја“ со збратимениот град Слобозија,Република Романија во рамките на Програмата на ЕУ „Култура 2007-2013“ и при тоа се обврзува да ги обезбеди потребните ресурси за аплицирање во рамките на Програмата на ЕУ „Култура 2007-2013“, Акција 1.2.1 „Проекти за соработка“.

**Член 2**

Општина Велес се вклучува како партнер во апликацијата за проектот „Прекугранична соработка преку култура и историја“ во соработка со збратимениот град Слобозија, Република Романија како водечки партнер.

**Член 3**

Општина Велес ја прифаќа целта на проектот „Прекугранична соработка преку култура и историја“ :

-Воспоставување на соработка помеѓу Фолклорниот фестивал „Цвеќето на Бараган“ –Слобозија, Република Романија, Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес“-Велес, Република Македонија и Интернационалниот фолклорен фестивал во Силистра, Република Бугарија.

**Член 4**

Општина Велес ги прифаќа активностите на проектот „Прекугранична соработка преку култура и историја“ :

-Учество на фолклорни ансамбли на меѓународните фолклорни фестивали во Слобозија, Велес и Силистра

-Презентирање на народни носии

-Презентирање на специфичните традиции на секоја земја учесник

-Изложба на етнолошки предмети на секоја земја учесник

**Член 5**

Општина Велес прифаќа да издвои 50% од вкупната сума за учество во проектот, 16.666€ во денарска противвредност врз основа на правилата за аплицирање.

Во случај на одобрување на апликацијата од страна на Европската Комисија, финансиските средства за имплементација на проектот ќе бидат обезбедени од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2012 година“

**Член 6**

Оваа одлука Влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/1
30.09.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**143.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање намена на објекти-спомен куќите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот и Касапови, сопственост на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за давање намена на објекти-спомен куќите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот и Касапови, сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/2
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службан весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за давање намена на објекти-спомен куќите на Јордан Хаџи Константинов Џинот и Касапови,сопственост на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за давање намена на објекти-спомен куќите на Јордан Хаџи Константинов Џинот и Касапови, сопственост на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/10), каде во член 2 од Одлуката после вториот став се додаваат уште два става кои гласат:

„За седиште на Колонијата „Папрадишки мајстори“ се определува просторија во куќата на Касапови која се наоѓа на првиот кат од објектот (трета од лево) оплеменета со долапи и карактеристичен дрвен таван.

Додека просторијата во приземјето на објектот (поделена во две простории) се определува за депо за уметничките дела создадени на Колонијата“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/2
30.09.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**144.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за не донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/3
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2011 година**

1. Советот на Општина Велес не ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/3
30.09.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев

**145.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2011 година**

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/4
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2011 година**

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/4
30.09.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Оштина Велес („Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2011 година**

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2011 година се вршат следните изменувања и дополнувања:

1.Во табелата: Г10) Поддршка на локалниот економски развој:

1.1.Точките 2 и 3 се бришат:

1.2.Вредноста на вкупниот износ: 2.400.000 денари се заменува со износот 550.000 денари.

2.Во табелата Г20) Поттикнување на развојот на туризмот:

2.1.Износот на точката 2: „Настап на саемски манифестации“ во висина од 600.000 се намалува и се заменува со износот 300.000 денари.

2.2.Износот на точка 3: „ Подготовка и печатење на рекламен материјал“ во висина од 200.000 денари се зголемува и се заменува со износот 350.000 денари.

2.3.Износот на точка 4. „ Други непланирани промотивни активности“ во висина од 250.000 денари се намалува и изнесува 100.000 денари.

2.4. Вредноста на вкупниот износ: 1.532.000 се заменува со износот 1.232.000 денари.

2.Во табелата ГА) Изградба на комерцијални објекти:

3.1.Износот на точката 2: „ Имплементација на мерки за енергетска ефикасност во објекти управувани од општината (за кои има подготвено проектна документација)“ во висина од 1.200.000 денари се намалува и се заменува со износот 600.000 денари.

3.2.Се додава нова точка 4: „Изработка на енергетски контроли со детални извештаи за енергетска ефикасност на објекти“ со износ 1.850.000 денари.

3.3.Вредноста на вкупниот износ: 4.700.000 денари се заменува со износот 5.950.000 денари.

4.Во табелата „Информатичка технологија“:

4.1. Називот на точка 1: „ Надградување на функционалностите на општинскиот образовен портал“ се менува. Новиот назив на точката гласи: „Купување на информатичка опрема – хардвер“, а износот во висина од 1.830.000 денари се намалува на 930.000 денари.

4.2.Точка 2: „ Надградба на софтверот за архивско работење“ се брише.

4.3.Точките: 3 - „ Имплементација на електронски сервиси за граѓаните“ со износ од 450.000 денари; 5 – „ Имплементација на интегрирано решение за работата на општинската администрација“ со износ 380.000 денари и 7 – „ Анализа и подготовка на проект за интеграција на податоци“ со износ 280.000 се бришат.

4.4.Се додава нова точка 2: „Развој и имплементација на платформа за електронски услуги вклучувајќи систем за управување со корисници и следење на предмети“ со износ 1.400.000 денари.

4.5.Редниот број на точка 4: „ Развој и имплементација на интегрирано решение за работа на Советот на Општина Велес и електронско одвивање на седниците на совет“ се менува во реден број 3, а износот во висина од 920.000 денари се зголемува на 1.120.000 денари.

4.6.Редниот број на точка 6: „Трошоци за одржување на апликации од трети лица и хостирање (sonet / marnet / edusoft / mbs / euronetcom / neocom…)“ се менува во реден број 4, а износот во висина од 254.000 се зголемува на 354.000 денари.

4.7.Точка 8: „ Поддршка на државниот натпревар по информатика“ се брише.

4.8.Редниот број на точка 9: „ Набавка на хардвер, софтвер и лиценци“ се менува во реден број 5, називот на точката се менува во „Набавка на софтвер и лиценци“ и износот во висина од 900.000 денари се зголемува на 1.220.000 денари.

4.9.Редниот број на точката 10: „Тековно одржување на хардвер и софтвер“ се менува во реден број 6, а износот во висина од 250.000 денари се зголемува на 300.000 денари.

4.10Називот на точката 11: „Специјалистички обуки“ се менува. Новиот назив на точката гласи: „Обуки за млади невработени лица“. Редниот број на точката 11, се менува во реден број 7, а износот во висина од 160.000 денари се зголемува на 300.000 денари.

4.11Редниот број на точката 12: „ Слободна интернет пристапна точка со безжичен интернет во Младински парк“ се менува во реден број 8, а износот во висина од 200.000 денаери се намалува на 70.000 денари.

4.12.Се додава нова точка со реден број 9: „Набавка на сателитска снимка“, со вредност од 360.00 денари.

4.13Вредноста на вкупниот износ: 5.984.000 денари се заменува со износот 6.054.000 денари.

5.Вредноста на вкупниот износ на програмата во делот „Финансирање“ во висина од 14.616.000 денари се заменува со износот 13.786.000 денари.

6.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/4
30.09.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**146.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2011 година**

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/5
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2011 година**

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/5
30.09.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2011 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2011 година:

-Во глава I Манифестации

-ред. бр. 10 – „Матурска парада“ се преименува во „Матурска екскурзија“.

Ред. бр. 40 – во насловот „Обележување на Нова Година – новогодишна свеченост, доделување награди за најуспешна илуминација, новогодишна претстава за деца“ се додаваат зборовите „организиран дочек на Нова година“. Во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „400.000“ се заменува со „600.000“ и во колона „Вкупно“ износот „400.000“ се заменува со „600.000“.

-Во глава I Манифестации, во позиција „вкупно“ во колона Предвидени средства од Општина Велес износот „5.750.000“ се заменува со износот „5.950.000“. Во колона „вкупно“ износот „7.800.000“ се заменува со износот „8.000.000“.

 Во глава IV Инвестиции

-ред. бр. 1 – „Изградба на споменици“ се брише во целост.

Во глава „IV вкупно инвестиции“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „700.000“ се заменува со „100.000“ и во колона „Вкупно“ износот „700.000“ се заменува со „100.000“.

Во глава **VI ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА** се вршат следните измени и дополнувања:

- После позиција под ред. бр. 1 „ Блок дотација – култура“ се додава нова позиција „1а – Пренесен вишок од претходна година – култура“, во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ се впишува износ „2.995.562 “и во колоната „Вкупно“ се впишува износ „2.995.562 “.

После позиција под ред. бр. 2 „ Блок дотација – култура“ се додава нова позиција „3 – Пренесен вишок од претходна година“ во колоната „Предвидени средства – сопствени приходи“ се впишува износ „120.811“ и во колоната „Вкупно“ се впишува износ „120.811“.

-Во позиција „Вкупно“ во колона средства од „Министерството за култура“ износот „11.435.620“ се заменува со износот „14.431.182“ и во колоната „сопствени приходи“ износот „1.860.000“ се заменува со износот „1.980.811“ Во колона „Вкупно“ износот „13.295.620“ се заменува со износот „16.411.993“.

-Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „13.485.620“ се заменува со „16.481.182“, во колоната „Сопствени приходи“ износот „1.860.000“ се заменува со „1.980.811“ во колоната „предвидени средства од Општина Велес“ износот „9.150.000 “ се заменува со „8.750.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „24.495.620 “ се заменува со „27.211.993“.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-5471/5
30.09.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**147.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2011 година**

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/6
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2011 година**

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/6
30.09.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2011 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2011 година:

**Во глава II Поддршка на проекти**

-Ред. бр.2 „Учество на општината во партнерски проекти“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“ и во колона „Вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

-Ред. бр.3 „Стратегија за развој на образованието во Општина Велес“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „40.000“ се заменува со 0“ и во колона „Вкупно“ износот „40.000“ се заменува со 0“.

-Во ставката „II вкупно Поддршка на проекти“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „220.000“ се заменува со „130.000“ и во колона „Вкупно“ износот „220.000“ се заменува со „130.000“.

 Во глава **III Инвестиции**

- Ред. бр. 1 – пред зборовите „Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи и набавка на опрема во основни и средни училишта и ученички дом“ се додава зборот „изградба и“ . Во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.000.000“ се заменува со „3.000.000“ и во колона „Вкупно“ износот „1.000.000“ се заменува со „3.000.000“.
- Ред. бр. 2 – „Реконструкција на спортски објекти во основни и средни училишта“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.000.000“ се заменува со „700.000“ и во колона „Вкупно“ износот „1.000.000“ се заменува со „700.000“.
- Ред. бр. 3 – „Изградба, реконструкција и уредување на отворени спортски терени и дворни места во училишта и ученички дом“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.000.000“ се заменува со „700.000“ и во колона „Вкупно“ износот „1.000.000“ се заменува со „700.000“.

-Во глава „III вкупно Инвестиции“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „3.000.000“ се заменува со „4.400.000“ и во колона „Вкупно“ износот „3.000.000“ се заменува со „4.400.000“.

Во табеларниот дел „ **V ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “** се вршат следните измени и дополнувања:

- После позиција под ред. бр. 1 „ Блок дотација – основно образование“ се додава нова позиција „1а – Пренесен вишок од претходна година – основно образование“, во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ се впишува износ „2.172.974“ и во колоната „Вкупно“ се впишува износ „2.172.974 “

- После позиција под ред. бр. 2 „ Блок дотација – средно образование“ се додава нова позиција „2а – Пренесен вишок од претходна година – средно образование“ во колоната „Предвидени средства – Сопствени приходи“ се впишува износ „1.634.181“и во колоната „Вкупно“ се впишува износ „1.634.181“.

После позиција под ред. бр. 3 „ Приходи од самофинансирање – основно образование“ се додава нова позиција „3а – Пренесен вишок од претходна година – основно образование“, во колоната „Предвидени средства – Сопствени приходи“ се впишува износ „372.825“ и во колоната „Вкупно“ се впишува износ „372.825 “

После позиција под ред. бр. 4 „ Приходи од самофинансирање – средно образование“ се додава нова позиција „4а – Пренесен вишок од претходна година – средно образование“, во колоната „Предвидени средства – Сопствени приходи“ се впишува износ „980.450“ и во колоната „Вкупно“ се впишува износ „980.450 “

- Во позицијата „вкупно“ глава VТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ се вршат следните измени: Во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „307.540.000“ се заменува со „311.347.155“ , во колоната „Сопствени приходи“ износот„ “32.201.100“ се заменува со „33.554.375“ „а во колоната „Вкупно“ износот „329.741.100 “ се заменува со „344.901.530“.

- Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „307.540.000 “ се заменува со „311.347.155 “, во колона „сопствени приходи“ износот„ “32.201.100“ се заменува со „33.554.375“, во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „6.760.000“ се заменува со „8.070.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „336.501.100“ се заменува со „352.971.530“

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Велес“

Број 07-5471/6
30.09.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**148.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2011 година**

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/7
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2011 година**

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/7
30.09.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2011 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2011 година:

-Во Глава **IV МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА** , се вршат следните измени:

-Во ред. бр.3 „Организирање обуки и печатење промотивен материјал за превенција и надминување на социјалните проблеми во заедницата“ во колона „Предвидени средства од Општина Велес“ износот „80.000“ се заменува со „30.000“, и во колона „Вкупно „ износот „80.000“ се заменува со „30.000“.

-После реден бр. 3 „Организирање обуки и печатење промотивен материјал за превенција и надминување на социјалните проблеми во заедницата“, се додава „реден број 4“ со следниот текст „Реализирање на проект за вклучување на деца роми во предучилишните установи“ , во колоната „Други извори и донации“ се впишува износот од 200.000 денари.

-Во позиција „Вкупно“ Глава IV во колона „Предвидени средства од Општина Велес“ износот „170.000“ се заменува со „120.000“, во колона „ Други извори и донации “ се впишува износот „200.000“ и во колона „Вкупно“ износот „170.000“ се заменува со „320.000“.

 В о **Г л а в а V Р О Д О В А РАМНОПРАВНОСТ** , се вршат следните измени:

-Ред. бр.4 „Локална мрежна соработка - НВО“ во колона „Предвидени средства од Општина Велес“ износот „80.000“ се заменува со „30.000“, и во колона „Вкупно“ износот „80.000“ се заменува со „30.000“.

-Во позиција „Вкупно“ Глава V во колона „Предвидени средства од Општина Велес“ износот „190.000“ се заменува со „140.000“, и во колона „Вкупно“ износот „190.000“ се заменува со „140.000“.

-Во Глава **VI ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА** , се вршат следните измени:

-Ред. бр.1 „Изработка на локална стратегија за стари лица“ се брише во целост

-Ред. бр.2 „Недела на старите лица, бесплатни лекарски контроли, едукативни и здравствени предавања“ се брише во целост.

-Во позиција „Вкупно“ Глава VI во колона „Предвидени средства од Општина Велес“ износот „220.000“ се заменува со „120.000“, и во колона „Вкупно“ износот „220.000“ се заменува со „120.000“.

-Во Глава **VII МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА** , се вршат следните измени:

-Ред. бр.1 „Учество во партнерски проекти од областа на социјалната и здравствената заштита со општините од ВПР“ во колона „Предвидени средства од Општина Велес“ износот „60.000“ се заменува со „10.000“, и во колона „Вкупно“ износот „60.000“ се заменува со „10.000“.

-Ред. бр.2 „Поддршка на иновативни форми од социјална и здравствена заштита“ во колона „Предвидени средства од Општина Велес“ износот „60.000“ се заменува со „10.000“, и во колона „Вкупно“ износот „60.000“ се заменува со „10.000“.

Во позиција „Вкупно“ Глава VII во колона „Предвидени средства од Општина Велес“ износот „120.000“ се заменува со „20.000“, и во колона „Вкупно“ износот „120.000“ се заменува со „20.000“

Во табеларниот дел
**„ X ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “**

- После позиција под ред. бр. 1 „ Блок дотација – детска градинка“ се додава нова позиција „1а – Пренесен вишок од претходна година – детска градинка“, во колоната „Предвидени средства – МТСП“ се впишува износ „388.538“ и во колоната „Вкупно“ се впишува износ „388.538 “

-После позиција под ред. бр. 2 „ Приходи од самофинансирање – детска градинка“ се додава нова позиција „3 – Пренесен вишок од претходна година – детска градинка“ во колоната „Предвидени средства – сопствени приходи“ се впишува износ „827.581“ и во колоната „Вкупно“ се впишува износ „827.581“.

- Во позицијата „Вкупно“ глава X ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ во колоната „Предвидени средства – МТСП“ износот „38.957.455“ се заменува со „39.345.993“ , во колоната „Средства од сопствени приходи“ износот „14.000.000“ се заменува со „14.827.581“ во колоната „Вкупно“ износот „52.957.455 “ се заменува со „54.173.574“.

Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во колоната „Предвидени средства – МТСП“ износот „38.957.455 “ се заменува со „39.345.993 “, во колоната „сопствени приходи“ износот „14.000.000“ се заменува со „14.827.581“, во колона „предвидени средства Општина Велес“ износот „2.860.000“ се заменува со „2.560.000“, во колоната „Други извори и донации“ се впишува износот „200.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „55.817.455“ се заменува со „56.933.574“.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-5471/7
30.09.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

**149.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2011 година**

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/8
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2011 година**

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/8
30.09.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2011 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2011 година:

Во глава **V Инвестиции**

- Ред. бр. 3 – „Реконструкција на спортските сали „Гемиции и „Партизан“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „500.000“ се заменува со „100.000“ и во колона „Вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „100.000“.

- Ред. бр. 9 – „Уредување и доизградба на игралиште за одбојка на песок“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „500.000“ се заменува со „100.000“ и во колона „Вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „100.000“.

- Ред. бр. 15 – „Изготвување Стратегија за спорт 2011-2015“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000“ се заменува со „0“ и во колона „Вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „0“.

- Ред. бр. 16 – зборовите „Изградба на помошни простории на спортски терени Тунел“ се заменуваат со „Асфалтирање на спортски терени Тунел“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „200.000“ се заменува со „392.234“ и во колона „Вкупно“ износот „200.000“ се заменува со „392.234“.

Во ставката „V Вкупно инвестиции“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „2.320.000“ се заменува со „1.612.234“ и во колона „Вкупно“ износот „2.320.000 “ се заменува со „1.612.234 “.

Во ставката „Се вкупно“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „7.760.000“ се заменува со „7.052.234“, а во колона „Вкупно“ износот „7.760.000“ се заменува со „7.052.234 “.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-5471/8
30.09.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**150.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година**

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/9
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година**

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/9
30.09.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2011 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година:

-Во глава 1.1. „Рамка на Програмата“, точка 1.1 „Основа“ , зборовите „Претставници на збратимени и градови пријатели-партнери во меѓународни проекти“ и зборовите „млади“, „спортисти“ и „занаетчии“ се бришат.

-Во глава 1.2 „Ориентација“ , алинеа 2 зборовите „(млади, спортисти, знаетчии)“ се бришат.

-Во глава 1.2 „Ориентација“, во делот „Трета компонента“, зборовите „млади, занаетчии и спортисти“ се бришат.

-Делот „Четвртата компонента овозможува видливост на меѓународните проекти на Општина Велес во рамките на програмите на ЕУ “, се брише.

-Зборовите „Петтата компонента“ се заменуваат со зборовите „Четвртата компонента“.

-Во Буџетска табела позиција бр.1 „Подготовка и реализација на кампања од областа на локалниот економски развој“ се брише.

-Позиција бр. 3 „Подготовка и реализација на кампања за активностите на општината за поддршка на младите“ се брише.

-Позиција бр.4 „Подготовка и реализација на кампања за активностите на општината за поддршка на занаетчиството“се брише.

-Позиција бр.5 „Подготовка и реализација на кампања за активностите на општината за поддршка на спортот“ се брише.

-Позиција бр.6 „Подготовка и реализација на кампања за активностите на општината за меѓународни проекти на општината во рамките на програмите на ЕУ “се брише.

-Во позиција „Вкупно“ , во колона „ОПШТИНА ВЕЛЕС“ износот „2.020.000“ се заменува со „1.270.000“, во колона „ДРУГИ ИЗВОРИ ДОНАЦИИ“, износот „200.000“ се брише и во колона „ВКУПНО“ износот „2.220.000“ се заменува со „1.270.000“.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Велес“.

Број 07-5471/9
30.09.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**151.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за 2010/2011 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на Општинската јавна установа за деца – Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за 2010/2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.09.2011 година.

Број 08-5595/10
07.10.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

